# Халк Моби ПОС

Халк Моби ПОС е Android апликација која што го претвора Вашиот Android паметен уред во пренослив ПОС терминал за извршување на бесконтактни плаќања.
Апликацијата може да биде инсталирана на секој паметен уред кој што работи на оперативен систем Android минимум верзија 10.0 и и поддржува NFC технологија.
Плаќањата на Халк Моби ПОС можат да се извршат со сите платежни картички Mastercard и Visa како и со останати уреди за бесконтактно плаќање - мобилен телефон, часовник, прстен, привезок и слично.
Апликацијата е сертифицирана според PCI DSS стандарди што ги прави сите трансакции безбедни и сигурни.

Предности на Халк Моби ПОС во однос на конвенционалниот ПОС терминал

- Апликација на сопствен Android уред
- Едноставен и лесен за употреба
- Пониски трошоци за одржување
- Електронски слип
- Преглед на извршени трансакции

Што Ви е потребно за да користите Халк Моби ПОС на Халкбанк?

- Барање и договор со Халкбанк АД Скопје за користење на оваа услуга
- Паметен уред со оперативен систем Android 10.0
- NFC функционалност на мобилниот уред
- Интернет конекција

## Халк Моби ПОС – Аплицирање и регистрација

Постапката започнува со аплицирање од страна на трговецот во некоја од филијалите на Халкбанк АД Скопје. Клиентот пополнува барање и договор. Банката му испраќа на трговецот e-mail со информации за ИД на корисник (UserID) и СМС порака со активациски код заедно со линк до апликацијата на Google Play Store.

**Трговецот внесува корисничко име и активациски код кои што му се испратени на e-mail и СМС порака.**

**Се дава согласност за правилата и условите и се потврдува со кликнување на копчето "Стани корисник".**






HALKBANK

**На следниот чекор се внесува 4 цифрен ПИН,
кој потоа ќе се користи за најавување на самата апликација.**






HALKBANK

## Креирање трансакција и наплата




Најава во апликацијата е со внесување на креираниот ПИН.

HALKBANK




**Со селектирање на копчето “Нова трансакција” се продолжува кон екранот за наплата.**

HALKBANK




**На следниот екран се внесува износот кој што треба да се наплати од страна на потрошувачот и се потврдува на копчето “Продолжи”.**




На следниот чекор потрошувачот треба да ја доближи картичката од задната страна на паметниот уред во близина на NFC антената за да се изврши наплата.

*Доколку уредот побара ПИН – клиентот потребно е да внесе ПИН од платежната картичка.

HALKBANK




## Успешна трансакција

**Слипот за успешна трансакција може да се испрати на потрошувачот преку viber/e-mail со кликнување на копчето „сподели“**

## Преглед и сторнирање на трансакции

Преглед на трансакции извршени во одреден период може да се направи  на следниов начин:




**Се кликнува на трите црти во горниот десен агол**

Откако ќе се појави под мени, се одбира полето Трансакции






**Сторнирање на трансакција може да се направи истиот ден со картичката со која е извршена трансакцијата.**

**Се кликнува копчето ”сторнирај трансакција”.**






HALKBANK

## На следниот чекор потребно е картичката да се доближи до NFC читачот.






**Подесување на мени**

**Трговецот во полето подесување може да направи прилагодување на :**
**-Профил**
**-Промена на ПИН**
**-Јазик**




